# ОДЛУКА

за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**

За поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година

1. По разгледувањето на Годишниот извештај за работењето на Банката за 2024 година и придружниот извештај за работењето на Надзорниот одбор, земајќи ја предвид и самоевалуацијата на Надзорниот одбор на своите членови и работењето, Собранието на акционери поединечно го одобрува работењето на членовите на Надзорниот одбор и на членовите на Управниот одбор во 2024 година, како што следува:

## I. Членови на Надзорниот одбор

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- -----/1)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Маринис Стратопулос**, Претседател на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието ја изразува својата благодарност за неговото активно и посветено ангажирање во работата на Надзорниот одбор, ефективното претседавање со состаноците, конструктивниот надзор и внимателниот придонес во клучните прашања во однос на стратегијата на Банката, клучните ризици и моделот на управување.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- ------/2)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Христодулу Христодулос**, Генерален директор за финансии на Националната банка на Грција С.А. Атина, Член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го признава неговиот постојан стратешки придонес, учеството во работата на Надзорниот одбор и значајниот придонес во финансискиот надзор и усогласувањето со финансиските приоритети на Групацијата.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- ------/3)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на госпоѓата Димитра Гудуфа,** Заменик Генерален директор за стратегија и одржлив развој, Национална банка на Грција С.А. Атина, Член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го признава нејзиниот прудентен пристап, постојаната поддршка на дискусиите на Надзорниот одбор и придонесот за зајакнување на целокупното работење на Одборот.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- -------/4)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Јанис Кајулис,** Раководител на Секторот за култура на ризик и канцеларијата за проектен менаџмент за ризици на Групацијата, Национална банка на Грција С.А. Атина, Член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го цени неговиот конструктивен придонес во прашањата за управувањето со ризиците, како и неговата активна улога во усогласувањето на културата на ризик на Банката и практиките на надзор со Рамката за апетит за ризик на Групацијата и регулаторните очекувања.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- -------/5)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Владимир Филиповски**, професор, Економски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во **Скопје, независен член на** Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието ја изразува својата благодарност за неговите објективни ставови од позиција на независен член, академската издржаност и вредниот придонес кон надзорот на Банката, особено во однос на макроекономските прашања, финансиската одржливост и квалитетот на корпоративното управување. Собранието исто така го препознава неговиот придонес во работата на пододборите на Надзорниот одбор, како што е претседавањето со Одборот за именување и наградување и неговата работа во Одборот за ревизија.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- -------/6)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот** Сашо Ќосев, професор, Економски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во **Скопје, независен член на** Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го препознава активното учество и критичкиот став за важните стратешки и управувачки прашања, особено во делот на финансиското планирање, одговорноста кон пошироката заедница и очекувањата на засегнатите страни. Собранието исто така го препознава неговиот придонес во работењето на Одборот за именување и наградување на Банката.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- ------/7)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Анастасиос Лизос,** член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го препознава неговиот професионален придонес за ефективното функционирање на Надзорниот одбор, особено во областите поврзани со ревизија, внатрешни контроли и прашања за усогласеност.

**II Членови на Управен одбор**

**Одлука бр. (С.О. бр. 01-  ------/8)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Диомидис Николетопулос**, Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието ја препознава важноста на неговото силно и стратешко лидерство за одржувањето на финансиската стабилност и пазарната позиција на Банката, како и неговата лична посветеност за успешно спроведување на Деловниот план, прудентно управување и усогласувањето со целите на Групацијата. Се истакнува и неговото лидерство во водењето на Управниот одбор и високиот менаџмент на Банката кон успешна реализација на стратегијата на Банката.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- --------/9)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Бојан Стојаноски**, Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието ја изразува својата благодарност за неговиот темелен пристап кон управувањето со ризиците на Банката, придонесот за понатамошно зајакнување на внатрешната рамка за управување со ризик, како и неговото лидерството во регулаторните и надзорните активности согласно домашните и стандардите на Групацијата.

**Одлука бр. (С.О. бр. 01- -------/10)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на господинот Тони Стојановски**, Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието го признава неговиот придонес во однос на успехот постигнат во корпоративниот сегмент, поддршката на клучните оперативни активности, како и во однос на усогласеноста на Банката со законите, истовремено давајќи значителен придонес во работењето на Управниот одбор како целина.

**Одлука бр. ( С.О. бр. 01- -------/11)**
Годишното Собрание на акционери **ја одобрува работата на госпоѓата Милица Чапаровска-Јовановска**, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

Собранието ги препознава нејзиниот постојан придонес во работењето на Банката во однос на банкарство на население, континуираното подобрување на искуството на клиентите и оптимизирањето на продажните и сервисните канали. Таа има стратешка улога во сегментот банкарство на мало и ефикасноста на мрежата, додека истовремено придонесува активно за целокупното работење на Управниот одбор.

2. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**